Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Буџетскиот календар**
**на Општина Центар-Скопје за 2024 година**

Се објавува Буџетскиот календар на Општина Центар-Скопје за 2024 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 31. седница, одржана на 28.12.2023 година.

Бр. 09-5640/57
28.12.2023 година
С к о п ј е
с.р.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски

Врз основа на член 27 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ “ бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15; 209/18 и („Службен весник на РСМ “ бр. 244/19; 53/21; 77/21; 150/21 и 173/22), Советот на Општина Центар-Скопје на 31. седница, одржана на 28.12.2023 година, донесе

## Буџетски календар
## на Општина Центар-Скопје за 2024 година

| Ред.бр | Активности | Месец во годината |
|---|---|---|
| **1.** | Советот на Општина Центар- Скопје го донесува Буџетскиот календар. | Декември/Јануари |
| **2.** | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиските планови и програми до сите сектори и буџетски корисници. | Најдоцна до 31 август |
| **3.** | Сите сектори и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и програми за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. | Најдоцна до 30 септември |
| **4.** | Организирање на буџетски форуми | Октомври-Декември |
| **5.** | Министерот за финансии доставува циркулар- насоки за подготвување на буџетите на единиците на локалната самоуправа за наредната година. | Најдоцна до 30 септември |
| **6.** | Секторот за финансиски прашања подготвува процени на вкупните приходи, ги разгледува, анализира и ги усогласува финансиските планови и програми , ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Нацрт- буџет и го известува Градоначалникот за основните параметри. | Најдоцна до 15 октомври |
| **7.** | Градоначалникот на Општината подготвува предлог на план на програми за развој усогласен со насоките од циркуларот и го доставува до Советот на Општина Центар- Скопје. | Најдоцна до 20 октомври |
| **8.** | Советот го одобрува предлогот на планот на програмите за развој. | Најдоцна до 15 ноември |
| **9.** | Секторот за финансиски прашања го изготвува Нацрт- буџетот и го доставува до Градоначалникот на разгледување и на одобрување. | 20 Ноември |
| **10.** | Градоначалникот го доставува Нацрт-буџетот до Советот на Општина Центар-Скопје | 25 Ноември |
| **11.** | Градоначалникот организира јавна расправа по Нацрт- буџетот. | Ноември-Декември |
| **12.** | Градоначалникот го доставува Предлог- буџетот до Советот на Општина Центар- Скопје. | Декември |
| **13.** | Советот на Општина Центар- Скопје го усвојува Предлог- буџетот. | Декември |

Буџетскиот календар на Општина Центар-Скопје за 2024 година стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-5640/56 Совет на Општина Центар-Скопје
28.12.2023 година Претседавач
С к о п ј е Виолета Велковска с.р.